Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-258/6
Датум: 26-05- 2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 258/1 од 24.03.2023 година, поднесена од Синдикат на полиција во Македонија од Велес, со седиште на ул. „Андон Шурков" бр. 45А, за сторена дискриминација врз основа на политичко и друго уверување, во областа на дејствување на сидникални организации од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и министерот за внатрешни работи Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.05.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко и друго уверување, во областа на дејствување на сидникални организации од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и министерот за внатрешни работи , кон Синдикат на полиција во Македонија.

## Образложение

На 24.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 258/1, од страна на Синдикат на полиција во Македонија од Велес против Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и министерот за внатрешни работи , за сторена дискриминација врз основа на политичко и друго уверување, во областа на дејствување на синдникални организации.

Синдикат на полиција во Македонија (во продолжение: подносител на претставката) во претставката наведува дека до сега, до Министерството за внатрешни работи се имаат повеќепати обратено со барања за средби, барања за правата што за полициските службеници произлегуваат од Колективниот договор на МВР, барања за решавање на проблемите на полициските службеници и сл. Во претставката се тврди дека на таквите барања, во најголем дел од случаите не добиваат одговор од Минитерството за внатрешни работи и министерот за внатрешни работи. Се наведува дека спротивно на одредбите од Законот за внатрешни работи, Законот за работните односи и Колективниот договор, Синдикатот на полицијата во Македонија се става во нерамноправна положба во однос на Македонскиот полициски синдикат. Во прилог на претходното тврдење, се наведува дека Синдикатот на полицијата во Македонија не е поканет ниту на официјални настани, ниту на средби или други настани организирани од Министерството за внатрешни работи, за разлика од Македонскиот полициски синдикат.
Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради одлучување по претставката, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08 – 258/2 до подносителот на претставката, со кое го задолжи да ја доуреди претставката во насока што ќе ја конкретизира фактичката состојба, дискриминаторската основа и ќе достави докази кои ги потврдуваат тврдењата изнесени во претставката.

На 07.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доуредување на претставката од Синдикатот на полицијата во Македонија со бр. 08 – 258/3. Во поднесокот се наведува дека најголем број од обраќањата и барањата на Синдикатот на полицијата во Македонија упатени до Министерството за внатрешни работи и министерот за

Во врска со наводите за учество на синдикатите на средби и настани, во поднесокот за произнесување се упатува на **членот 272 од Колективниот договор**, во кој се меѓудругото се утврдува дека *"Министерството на синдикалниот претставник му доставува покани со материјали за работните состаноци на кои се одлучува за правата на работниците и се овозможува негово учество на истите"*. Воедно, наведуваат дека е предвидено на претседателот и генералниот секретар на МПС им се овозможува непречено комуницирање со министерот, а по исклучок во случај на спреченост со раководниот работник што тој ќе го овласти, а на другите синдикални претставници на ниво на организациска единица им се овозможува непречено комуницирање со раководните работници на ниво на организирање на синдикалната организација кога тоа е неопходно за остварување на правата на работниците, функциите и активностите на МПС. Во истиот член е предвидена обврска, министерот и претседателот на МПС најмалку еднаш во период од два месеци да остваруваат работна средба, со цел анализа на социјално – економската и професионална состојба на работниците во Министерството.

Во однос на правата на останатите синдикати во рамки на Министерството, меѓу кои и Синдикатот на полицијата во Македонија, во поднесокот за произнесување истакнуваат дека истите се уредени со конкретни одредби во Колективниот договор, како и во поединечните спогодби/ договори склучени со секој синдикат одделно. Врз основа на тоа, истакнуваат дека кон Синдикатот на полицијата во Македонија не е сторена дискриминација, во однос на Македонскиот полициски синдикат како репрезентативен синдикат во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. За да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, тој мора да изнесе факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминација би можела да биде извршена. Конкретно, подносителот првично требал да докаже дека постои каузална врска помеѓу политичкото и друго уверување и повредата, односно штетата. **Од утврдената фактичка состојба произлегува дека во случајот на подносителот на претставката воопшто не е настаната повреда или штета.** Од цитираните одредби во поднесокот за произнесување произлегува дека репрезентативен синдикат на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија е Македонскиот полициски синдикат. Оттука, според положба на репрезентативниот синдикат, која е определена во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, произлегува дека Македонскиот полициски синдикат не е погоден компаратор за докажување на нееднаков третман помеѓу синдикатите. Заради различната улога која ја има репрезентативниот синдикат, која пред сè подразбира поголеми одговорности, Македонскиот полициски синдикат и Синдикатот на полицијата во Македонија не се споредливи во смисла на нееднаков третман. Тоа што при синдикалното организирање кај работодавачот постои репрезентативен синдикат подразбира дека истиот ќе ги застапува правата на сите работници подеднакво кај работодавачот. Од тука произлегува дека подносителот на претставката не е ставен во понеповолна положба во однос на Македонскиот полициски синдикат, врз основа на политичко и друго уверување, бидејќи Македонскиот полициски синдикат е формално предвиден како репрезентативен синдикат.

При така констатирана состојба, во недостаток на повреда на право врз дискриминаторска основа, во дејствувањето на сидникални организации, не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и*

*слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на политичко и друго уверување, во областа на дејствување на сидникални организации од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и министерот за внатрешни работи кон Синдикат на полиција во Македонија.

Скопје,
26.05.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Синдикат на полиција во Македонија со седиште на ул. „Андон Шурков" бр. 45А, Велес
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија со седиште на ул. „Димче Мирчев" бр. 9, Скопје